**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 4 ноември 2025 година**

**Скопје, ноември 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 4 ноември 2025 година**

Седницата започна во 12:15 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и м-р Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 121-та, 122-та и 123-та седница на Владата на Република Северна

Македонија, одржани на 21, 28 и 29 октомври 2025 година

1. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за дигитална трансформација

2. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-411/1, водоводна инфраструктура за техничка вода – цевковод)

3. Предлог на закон за органско земјоделско производство (*)

4. Информација во врска со Барањето за одобрување на надоместок за услугата за вршење транспорт на нафтени деривати преку продуктовод, доставено од Претпријатието за нафтени цевоводи Солун-Скопје Вардакс АД–Подружница Вардакс Скопје, со Предлог-одлука

5. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Остреш", Општина Македонски Брод, со предлог-одлуки

6. Информација за процесот на идентификување на 100 административни постапки согласно начелото на зачестеност и релевантност во однос на работењето на МСП и предлози за намалување на чекорите, времетраењето и потребната документација, со прилози

7. Информација со Предлог – решение за изменување на Решението за определување членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста

8.Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Олд Стоне Скопје, со Предлог – решение

9. Информација за потребата од донесување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW КО Долани, Општина Штип, со Предлог-одлука

10. Информација за реализација на ИПА проектот „Воспоставување на интегриран и самоодржлив регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион"

11. Предлог-одлука за престанок на важење на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Започ", Општина Ново Село

12. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – перлит на локалитетот „Лузов Говедарник", с.Градешница, Општина Новаци

13. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Саудиска Арабија за соработка во борбата против криминалот, со текст на Нацрт-договор

14. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот М.Л. против Република Северна Македонија, А.бр.30206/23, со Предлог-одлука

15. Информација за подготовка на Извештај за спроведување на Акцискиот план 2024-2026 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026, за 2024 година

16. Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2026 година

17. Информација за степенот на реализација на средствата за капитални дотации за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката, заклучно со 31 август 2025 година

18. Информација за покана за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Република Северна Македонија и Обединети Арапски Емирати за размена на владини искуства, развој и модернизација, со текст на Меморандум

19. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.101/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.144/2024)

20.Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.100/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 31 став 21 во делот „надоместокот за работа" и „45%“ и член 31 став 22 во делот „висината на надоместокот“ од Законот за здравствено осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и “Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 144/2025 и 154/2025)

21.Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.99/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 31 став 10 во делот „во рок од 30 дена" и член 31 став 24 во делот „во рок од 30 дена“ од Законот за здравствено осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и “Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 144/2025 и 154/2025)

22.Иницијатива поднесена од Илија Ивановски од Ниш, Република Србија, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.93/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 18 став 3 и член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.193/2024 и 75/2025)

23.Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.113/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на

член 176 став 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018 и 198/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022, 236/2022, 17/2025 и 132/2025)

24.Понуда од нотар Весна Паунова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.723, за КО Бардовци, на КП бр.620, викано место/улица „Визбеговска Јурија"

25.Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4759, за КО Бутел, на КП бр.1306, викано место/улица „Рамниште"

26.Понуда од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2496, за КО Горно и Долно Оризари, на КП бр.856, викано место/улица „Железница"

27.Понуда од нотар Елвин Зиба од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.89675, за КО Охрид 3, на КП бр.15449/1, викано место/улица „К.Охридски 120"

28.Известување од извршител Јадранка Пајиќ Поп Кочева од Скопје, доставено под И.бр. 526/2024 за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.453, за КО Виничани, на КП бр.225, викано место/улица „Лаката"

29.Понуда од извршител Гордана Џутеска од Охрид, И бр.92/2025, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.90438 за КО Охрид 4, на КП.бр.4306/10, КП.бр.4307/4 и КП.бр.4317 /3, сите на место викано Видобишта

30. Кадровски прашања

31. Прашања и предлози

32. Информација по однос на Конечен ревизорски извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема „Подобрување и унапредување на јавните услуги и инфраструктурните објекти со јавно приватно партнерство"

33. Акциски план по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Искористеност на современа медицинска опрема"
Предлагач: Јавна здравствена установа Клиничка болница Штип

34. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје, за второ тромесечје, од 1 април– 30 јуни2025 година

35. Информација за одржување на генерално собрание на акционери на Вардакс АД

36. Предлог-програма за промоција и поддршка на туризмот за 2025 година

37. Предлог-упатство за дизајн на ваучерот, начинот на аплицирање, издавање и дистрибуција на ваучерот, како и начинот на водење на евиденцијата за издадени и искористени ваучери

38. Информација за претставувањето на македонската винска индустрија на меѓународниот саем „Wine Vision by Open Balkan" – Белград, 2025

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 октомври 2025 година, Записникот од Сто дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 октомври 2025 година и Записникот од Сто дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 октомври 2025 година.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за дигитална трансформација.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за дигитална трансформација, да подготви и најдоцна до 31 декември 2025 година, до Владата да достави информација за статусот на алатката е-инспектор, во однос на нејзиното преземање, функционалност, евентуално надградување, како и за можноста за соодветни законски измени, со цел истата задолжително да се користи од страна на сите инспекциски служби.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-411/1, водоводна инфраструктура за техничка вода – цевковод).

**Точка 3**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за органско земјоделско производство (*), за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да достави кореспондентни табели усогласени со Секретаријатот за законодавство, Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија и Мислење на Секретаријатот за законодавство по Изјавата.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за одобрување на надоместок за услугата за вршење транспорт на нафтени деривати преку продуктовод, доставено од Претпријатието за нафтени цевоводи Солун-Скопје Вардакс АД–Подружница Вардакс Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за одобрување на Одлуката за надоместок за услугата за вршење транспорт на нафтени деривати преку продуктовод (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална

суровина-варовник на локалитетот „Остреш", Општина Македонски Брод, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт - Сектор за патен сообраќај и инфраструктура, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Остреш", Општина Македонски Брод.

2. Се задолжува Министерството за култура и туризам-Управа за заштита на културното наследство, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Остреш", Општина Македонски Брод.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство–Сектор за шумарство и ловство, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–варовник на локалитетот „Остреш", Општина Македонски Брод.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за процесот на идентификување на 100 административни постапки согласно начелото на зачестеност и релевантност во однос на работењето на МСП и предлози за намалување на чекорите, времетраењето и потребната документација, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација активно да се вклучи во процесот на мапирање на 100 административни постапки кои се избрани согласно начелото на зачестеност и релевантност, во однос на работењето на МСП, најдоцна до 10 ноември 2025 година.

2. Се задолжуваат сите министерства и други органи на државната управа активно да се вклучат во процесот на пополнување на Образецот за спецификација на административна постапка и истиот да го пополнат, најдоцна до 1 декември 2025 година.

3. Се задолжува Министерството за економија и труд да достави до Владата, информација за текот на активностите за изготвување на спецификација за 100 административни постапки, најдоцна до 15 јануари 2026 година.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог – решение за изменување на Решението за определување членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за определување членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Олд Стоне Скопје, со Предлог –

решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW КО Долани, Општина Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Долани, Општина Штип.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на ИПА проектот „Воспоставување на интегриран и самоодржлив регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори, во најбрз можен рок, да го достави тендерското досие до ДЕУ за одобрување и да го преобјави тендерот за градежни работи за ИПА проектот „Воспоставување на интегриран и самоодржлив регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион“.

2. Се задолжува Министерството за финансии, за реализација на ИПА проектот „Воспоставување на интегриран и самоодржлив регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион“, да ги обезбеди дополнителните средства за национално кофинансирање (заради надминување на рокот на прифатливост на трошоците во рамки на програмата) од Буџетот на Република Северна Македонија за 2027 година и 2028 година, односно согласно динамиката на реализација на проектот.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Започ“, Општина Ново Село.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – перлит на локалитетот „Лузов Говедарник“, с.Градешница, Општина Новаци.

**Точка 13**

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Саудиска Арабија за соработка во борбата против криминалот, со текст на Нацрт-договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува шефот на делегацијата и членовите на делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Нацрт - договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Саудиска Арабија за соработка во борбата против криминалот.

2. Се овластува шефот на делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Нацрт - договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Саудиска Арабија за соработка во борбата против криминалот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите за склучување на договорот.

3. Се задолжува делегацијата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Нацрт - договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Саудиска Арабија за соработка во борбата против криминалот.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот М.Л. против Република Северна Македонија, А.бр.30206/23, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (во износ од вкупно 5.960 евра, кои треба да бидат исплатени по Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот М.Л. против Република Северна Македонија, А.бр.30206/23, најдоцна до 12 декември 2025 година).

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Извештај за спроведување на Акцискиот план 2024-2026 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026, за 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за транспорт, Министерството за култура и туризам, Министерството за здравство, Министерството за спорт, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за јавна администрација, Министерството за економија и труд, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центарот за образование на возрасни и Центарот за јавно здравје – Скопје, а се препорачува на Заедницата на единиците на локална самоуправа, Општина Јегуновце, Општина Арачиново, Општина Брвеница, Општина Валандово, Општина Врапчиште, Општина Долнени, Општина Дојран, Општина Кочани, Општина Кратово, Општина Македонска Каменица, Општина Могила, Општина Охрид, Општина Пехчево, Општина Пласница, Општина Сопиште, Општина Старо Нагоричане, Општина Струга, Општина Струмица, Општина Студеничани, Општина Чаир, Општина Штип, Општина Бутел, Општина Гази Баба, Општина Петровец, Општина Сарај и Општина Чашка, во рок од пет дена, да внесат податоци за тековните активности во електронската платформа за известување за реализацијата на Акцискиот план 2024-2026 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026.

2. Се препорачува на Општина Чашка, Општина Долнени и Општина Бутел да номинираат лица за внесување податоци во електронската платформа за известување за реализацијата на

Акцискиот план 2024-2026 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и во рок од пет дена, за истото да го известат Министерството за локална самоуправа.

**Точка 16**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2026 година, поради потребата текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на средствата за капитални дотации за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката, заклучно со 31 август 2025 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за образование и наука да продолжи да доставува извештаи за степенот на реализација на финансиски средства до Владата, на секои три месеци.

**Точка 18**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за покана за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Република Северна Македонија и Обединети Арапски Емирати за размена на владини искуства, развој и модернизација, со текст на Меморандум.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.101/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија&quo e; бр. 144/25) и притоа го утврди следното мислење:

Во врска со поднесената Иницијатива на Игорчо Точев од Скопје за оценување на уставноста на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 144/25) со предлог до донесување конечна одлука судот да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на оспорените делови од одредби од Законот, Владата на Република Северна Македонија го дава следното мислење:

Во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/11 година, објавен е Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување со кој покрај другите измени и дополнувања на законските одредби се менува и дополнува членот 56 во делот на ставовите 1 и 3.

Конкретно во ставот 1, што е предмет на поднесената Иницијатива, во точката 3 се врши дополнување, а точката 7 се брише. Законодавецот со бришењето на точката 7 не врши пренумерација, односно нумерацијата во став 1 од членот 56 останува непроменета, па членот 56 пред стапување во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 144/25), гласи:

„ Управниот одбор на Фондот ги врши следниве работи:
1) учествува во утврдување на развојот на задолжителното здравствено осигурување;
2) донесува статут на Фондот;
3) ги донесува општите акти предвидени со овој закон кои се објавуваат во Службен весник на Република Македонија;
4) донесува програма и план за работа;
5) донесува акти за организација и систематизација на Фондот;
6) предлага Буџет и утврдува завршна сметка на Фондот;
Точката 7 се брише („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/11).
8) усвојува годишен извештај за работењето на Фондот;
9) се грижи за остварување на задолжителното здравствено осигурување;
10) го следи остварувањето на меѓународните договори и меѓудржавните спогодби од областа на здравственото осигурување;
11) разгледува прашања, извештаи, информации и други материјали во врска со состојбата и проблемите од задолжителното здравствено осигурување и други работи од надлежност на Фондот;
12) распишува конкурс за именување на директор на Фондот;
13) основа комисии и други работни тела и
14) одлучува и за други работи утврдени со закон и статут на Фондот.

Управниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

Пред донесувањето на општите акти предвидени со овој закон Управниот одбор може да побара мислење и од коморите од областа на здравството.

На актот од ставот 1 точка 5 на овој член согласност дава Министерството за здравство, како и Министерството за информатичко општество и администрација во делот кој се однесува на усогласеноста на описите на работните места на административните службеници и со Каталогот на работни места во јавниот сектор.“.

Оттука следува дека оспорената одредба, предмет на поднесената Иницијатива, е конзистентна со останатите одредби, не го нарушува уставното начело на владеење на правото и со нејзината примена не се доведуваат во забуна ниту оние кои треба да ја применуваат ниту оние на кои истата се однесува, како што е наведено во Иницијативата. Во оваа насока се укажува и на официјалниот пречистен текст од законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/12.

Имајќи го предвид горе изнесеното се смета дека наводите во поднесената Иницијатива пред Уставниот суд на Република Северна Македонија се неосновани и следствено на истото Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.144/25).

**Точка 20**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.100/2025, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 31 став 21 во делот „надоместокот за работа&quo e; и „45%“ и член 31 став 22 во делот „висината на надоместокот“ од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23, 209/23, 144/25 и 154/25) и притоа го утврди следното мислење:

Со членот 30 од Законот за здравственото осигурување се утврдува правото на осигурениците за лекување во странство и истиот гласи:

„Осигуреното лице може да користи болничко лекување во странство со одобрение на Фондот, ако е во прашање заболување кое не може да се лекува во Републиката, а во земјата во која осигуреникот се упатува постои можност за успешно лекување на тоа заболување.

Осигуреното лице под условите утврдени во ставот 1 на овој член, може да користи во странство и здравствени услуги на контролни прегледи кои се однесуваат на веќе извршено болничко лекување во странство одобрено од страна на Фондот, а кои не можат да се извршат во Република Северна Македонија.

Осигуреникот кој е упатен на привремена работа во странство во земјите со кои Република Северна Македонија има склучено или преземено договор за социјално осигурување, здравствени услуги во странство може да користи во обем и на начин утврдени со договорот за социјално осигурување.

Осигуреникот кој е упатен на привремена работа во странство во земји со кои Република Северна Македонија нема склучено или преземено договор за социјално осигурување може да користи здравствени услуги во странство само за укажување на итна медицинска помош, ако придонесот за задолжително здравствено осигурување е платен, согласно прописите за задолжително социјално осигурување.

Ако осигуреникот или работодавецот кој го упатил осигуреникот на привремена работа во странство, во земји со кои Република Северна Македонија нема склучено или преземено договор за социјално осигурување и користење на здравствена заштита во странство ја обезбедиле на свој товар, со посебен договор за осигурување, дадените здравствени услуги не паѓаат на товар на средствата на Фондот.

Осигурените лица кои се со место на живеење во земја со која Република Северна Македонија има склучено или преземено договор за социјално осигурување, во таа земја можат да користат здравствени услуги во обем и на начин утврден со Договорот за социјално осигурување.

Осигурените лица кои привремено престојуваат во странство можат да користат само итна медицинска помош.

Начинот на користење на здравствени услуги според ставовите 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член и најповолните цени на здравствените услуги во странство ги утврдува Фондот со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.“.

Со последниот став 8 од овој член се утврдува законскиот основ, поточно законското овластување на Фондот за здравствено осигурување да донесе подзаконски акт со кој ќе го утврди начинот на користење на правото на лекување во странство.

Понатаму, со членот 31 од Законот за здравственото осигурување што е предмет на конкретно поднесената Иницијатива пред Уставниот суд се регулира управната постапка за остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување и истиот гласи:

„Во постапката за остварување на правата и обврските утврдени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, ако со овој закон поинаку не е определено.

За остварување на правата утврдени со овој закон, се применуваат одредбите за застареност од Законот за облигационите односи.

Правата од задолжителното здравствено осигурување во прв степен се остваруваат во Фондот, врз основа на уредно поднесено барање во пишана и/или електронска форма.

Барањето од став 3 на овој член, во пишана форма се поднесува секој работен ден во текот на работното време на Фондот, а во електронска форма може да се поднесе и надвор од работното време и во неработни денови, а рокот за постапување по барањето започнува да тече од првиот нареден работен ден.

Барањето од став 3 на овој член, во електронска форма се поднесува со употреба на средство за електронска идентификација, преку веб-порталот на Фондот или преку Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Образецот на барањето од ставот 3 на овој член и потребната документација која се доставува кон барањето, Фондот ги утврдува со општ акт. Потребната документација наведена во образецот на барање, како државјанство и извод од матична книга, се докази кои Фондот ги прибавува по службена должност од Централниот регистар на население.

Решение во прв степен за правата од задолжителното здравствено осигурување донесува директорот на Фондот или од него овластено службено лице, во рок од 30 дена од денот на предавањето на уредно и комплетно барање.

Во случаите кога со одредбите од овој закон на донесувањето на решението од став 7 на овој член, му претходи утврдување на фактичката состојба за која е потребно и мислење од лекарските комисии на Фондот, директорот на Фондот или од него овластено службено лице, Фондот е должен да донесе решение во рок од 45 дена, од денот на приемот на уредно и комплетно барање.

Против решението на Фондот од ставовите 7 и 8 може да се поведе управен спор.

Одлуката за управниот спор ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесување уредна тужба.

Во постапките за остварување на правото од член 30 ставовите 1 и 2 од овој закон, во прв степен одлучува директорот на Фондот, врз основа на мислењето на првостепената лекарска комисија за лекување во странство, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Првостепената лекарска комисија за лекување во странство ја формира директорот на Фондот и ја сочинуваат седум членови и нивни заменици, од редот на докторите на медицина од различни специјалности/супспецијалности.

Директор на здравствена установа не може да биде член или заменик-член на првостепената лекарска комисија за лекување во странство.

Мандатот на членовите и нивните заменици на првостепената лекарска комисија за лекување во странство, трае две години со право на уште еден последователен избор.

Против решението во постапките за остварување на правото од член 30 ставови 1 и 2 од овој закон, донесено во прв степен, осигуреното лице има право на жалба до Управниот одбор на Фондот, во рок од 15 дена, од денот на приемот на решението донесено во прв степен.

Решението по жалба, Управниот одбор на Фондот е должен да го донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата, врз основа на мислење од второстепената лекарска комисија за лекување во странство.

Второстепената лекарска комисија за лекување во странство ја формира Управниот одбор на Фондот и ја сочинуваат седум членови и нивни заменици од редот на докторите на медицина од различни специјалности/супспецијалности.

Директор на здравствена установа не може да биде член или заменик-член на второстепената лекарска комисија за лекување во странство.

Мандатот на членовите и нивните заменици на второстепената лекарска комисија за лекување во странство, трае две години со право на уште еден последователен избор.

Средствата за работа на првостепената и второстепената лекарска комисија за лекување во странство ги обезбедува Фондот.

Надоместокот за работа на членовите и нивните заменици на првостепената и второстепената лекарска комисија за лекување во странство се исплаќа месечно, за секоја седница на која учествувале, но не повеќе од 45% од минималната нето плата во Република Северна Македонија, согласно со прописите со кои се утврдува минимална плата во Република Северна Македонија.

Начинот на работа и висината на надоместокот за работа на првостепената и второстепената лекарска комисија за лекување во странство, ги утврдува Управниот одбор на Фондот со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.

Против конечното решение од став 16 на овој член, може да се поведе управен спор.“.

Со ставовите 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 23 од овој член се регулира управната постапка за остварување на правото на лекување во странство. Со тоа членовите 30 и 31 се во корелација и додека членот 30 го утврдува правото на лекување во странство со членот 31 се утврдува управната постапка за остварување на ова право. Законодавецот во двата члена утврдил право и постапка за остварување на тоа право, ја утврдил основната законска рамка,

основните критериуми и дал законски основ понатаму Фондот со општ акт да ги конкретизира и доразработи законските одредби. Конкретно за оспорените ставови 21 и 22 од членот 31 во поднесената Иницијатива се наведува дека оставаат простор за арбитрерно определување на надоместокот на членовите на лекарските комисии, бидејќи во законските одредби отсуствуваат параметри, критериуми, рамки и се нарушува уставното начело на владеење на правото, што не е случај. Напротив, во ставот 21 законодавецот точно определил дека надоместокот се исплаќа месечно (утврден временски интервал на исплата), за секоја седница на која учествувале (утврден настан за кој се врши исплата), но не повеќе од 45% од минималната нето плата во Република Северна Македонија, согласно со прописите со кои се утврдува минимална плата во Република Северна Македонија (точно утврден износ). Со вака поставени критериуми и вака поставена законска рамка не може да стане збор за арбитрерно одлучување на Фондот во подзаконскиот акт уште повеќе што не станува збор за нарушување на уставното начело владеење на правото.

Дополнително во Иницијативата е наведен и членот 56 ставот 1 во продолжение на наводите содржани во истата, кој гласи:

„ Управниот одбор на Фондот ги врши следниве работи:
1) учествува во утврдување на развојот на задолжителното здравствено осигурување;
2) донесува статут на Фондот;
3) ги донесува општите акти предвидени со овој закон кои се објавуваат во Службен весник на Република Македонија;
4) донесува програма и план за работа;
5) донесува акти за организација и систематизација на Фондот;
6) предлага Буџет и утврдува завршна сметка на Фондот;
Точката 7 се брише („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/11);
8) усвојува годишен извештај за работењето на Фондот;
9) се грижи за остварување на задолжителното здравствено осигурување;
10) го следи остварувањето на меѓународните договори и меѓудржавните спогодби од областа на здравственото осигурување;
11) разгледува прашања, извештаи, информации и други материјали во врска со состојбата и проблемите од задолжителното здравствено осигурување и други работи од надлежност на Фондот;
12) распишува конкурс за именување на директор на Фондот и заменик на директорот;
13) основа комисии и други работни тела и
14) одлучува и за други работи утврдени со закон и статут на Фондот.

Управниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

Пред донесувањето на општите акти предвидени со овој закон Управниот одбор може да побара мислење и од коморите од областа на здравството.

На актот од ставот 1 точка 5 на овој член согласност дава Министерството за здравство, како и Министерството за јавна администрација во делот кој се однесува на усогласеноста на описите на работните места на административните службеници и со Каталогот на работни места во јавниот сектор.“.

Во овој член во ставот 1 законодавецот таксативно ги наброил надлежностите на Управниот одбор на Фондот во точките од 1) до 13) а во точката 14) дава законска можност Управниот одбор да врши и други работи утврдени со закон и статут на Фондот. Низ целиот законски текст во повеќе одредби е утврдена надлежност на Фондот со подзаконски акт да разработи одредено прашање во законски утврдените рамки, а за тој подзаконски акт согласност да даде министерот

за здравство. Точно дека, согласно членот 56 став 1 министерот за здравство дава согласност на актите за организација и систематизација на Фондот, но тука со овој член ниту завршува надлежноста на Управниот одбор на Фондот, ниту пак министерот за здравство дава согласност само на овие подзаконски акти. Точката 14 од став 1 на членот 56 дава законска можност Управниот одбор да врши и други работи утврдени со закон и статут на Фондот.

Имајќи го предвид горе изнесеното, се смета дека наводите во поднесената Иницијатива пред Уставниот суд на Република Северна Македонија се неосновани, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 31 ставови 21 и 22 од Законот за здравственото осигурување.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.99/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 31 ставови 10 и 24 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23, 209/23, 144/25 и 154/25) и притоа го утврди следното мислење:

Во „Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 154 од 29.7.2025 година, беше објавен Законот за изменување на Законот за здравственото осигурување, предложен од група пратеници, со кој се измени членот 31 во делот на ставовите 9 и 10, а се додаде и нов став 24 и сега членот 31 гласи:

„Во постапката за остварување на правата и обврските утврдени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, ако со овој закон поинаку не е определено.

За остварување на правата утврдени со овој закон, се применуваат одредбите за застареност од Законот за облигационите односи.

Правата од задолжителното здравствено осигурување во прв степен се остваруваат во Фондот, врз основа на уредно поднесено барање во пишана и/или електронска форма.

Барањето од став 3 на овој член, во пишана форма се поднесува секој работен ден во текот на работното време на Фондот, а во електронска форма може да се поднесе и надвор од работното време и во неработни денови, а рокот за постапување по барањето започнува да тече од првиот нареден работен ден.

Барањето од став 3 на овој член, во електронска форма се поднесува со употреба на средство за електронска идентификација, преку веб - порталот на Фондот или преку Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Образецот на барањето од ставот 3 на овој член и потребната документација која се доставува кон барањето, Фондот ги утврдува со општ акт. Потребната документација наведена во образецот на барање, како државјанство и извод од матична книга, се докази кои Фондот ги прибавува по службена должност од Централниот регистар на население.

Решение во прв степен за правата од задолжителното здравствено осигурување донесува директорот на Фондот или од него овластено службено лице, во рок од 30 дена, од денот на предавањето на уредно и комплетно барање.

Во случаите кога со одредбите од овој закон на донесувањето на решението од став 7 на овој член, му претходи утврдување на фактичката состојба за која е потребно и мислење од лекарските комисии на Фондот, директорот на Фондот или од него овластено службено лице, Фондот е должен да донесе решение во рок од 45 дена, од денот на приемот на уредно и комплетно барање.

Против решението на Фондот од ставовите 7 и 8 може да се поведе управен спор.

Одлуката за управниот спор ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесување уредна тужба.

Во постапките за остварување на правото од член 30 ставовите 1 и 2 од овој закон, во прв степен одлучува директорот на Фондот, врз основа на мислењето на првостепената лекарска комисија за лекување во странство, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Првостепената лекарска комисија за лекување во странство ја формира директорот на Фондот и ја сочинуваат седум членови и нивни заменици од редот на докторите на медицина од различни специјалности/супспецијалности.

Директор на здравствена установа не може да биде член или заменик - член на првостепената лекарска комисија за лекување во странство.

Мандатот на членовите и нивните заменици на првостепената лекарска комисија за лекување во странство, трае две години со право на уште еден последователен избор.

Против решението во постапките за остварување на правото од член 30 ставовите 1 и 2 од овој закон, донесено во прв степен, осигуреното лице има право на жалба до Управниот одбор на Фондот, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението донесено во прв степен.

Решението по жалба, Управниот одбор на Фондот е должен да го донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата, врз основа на мислење од второстепената лекарска комисија за лекување во странство.
Второстепената лекарска комисија за лекување во странство ја формира Управниот одбор на Фондот и ја сочинуваат седум членови и нивни заменици од редот на докторите на медицина од различни специјалности/супспецијалности.

Директор на здравствена установа не може да биде член или заменик член на второстепената лекарска комисија за лекување во странство.

Мандатот на членовите и нивните заменици на второстепената лекарска комисија за лекување во странство, трае две години со право на уште еден последователен избор.

Средствата за работа на првостепената и второстепената лекарска комисија за лекување во странство ги обезбедува Фондот.

Надоместокот за работа на членовите и нивните заменици на првостепената и второстепената лекарска комисија за лекување во странство се исплаќа месечно, за секоја седница на која учествувале, но не повеќе од 45% од минималната нето плата во Република Северна Македонија, согласно со прописите со кои се утврдува минимална плата во Република Северна Македонија.

Начинот на работа и висината на надоместокот за работа на првостепената и второстепената лекарска комисија за лекување во странство, ги утврдува Управниот одбор на Фондот со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.

Против конечното решение од став 16 на овој член, може да се поведе управен спор.

Одлуката за управниот спор од ставот 23 на овој член ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесување на уредна тужба.“.

Видно од содржината, со членот 31 се регулира управната постапка за остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување. Со ставовите 9, 10 и 24 од овој член законодавецот утврдил управно судска заштита и законски рок од 30 дена за одлучување по покренати управни спорови, сметано од денот на поднесување уредна тужба.

Во Уставот на Република Северна Македонија, во главата 1 Граѓански и политички слободи и права, во членот 15, став 2 уредено е: „Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања, се уредува со закон.“.

Во Амандманот XXI на Уставот од 2005 година се пропишува можност со посебните закони да се уреди правната заштита против управните акти и дејствијата на органите на државната управа, организациите и другите органи што вршат јавни овластувања. Така, Уставот дозволува со закон правото на жалба да биде супституирано со директна управно судска заштита во управен спор кој е всушност единствениот „друг вид на правна заштита против поединечните правни акти“ на јавните органи. Така, согласно оваа уставна можност, повеќе закони тргнувајќи од начелото на ефикасност во управната постапка предвидуваат можност за директна заштита во управен спор на законитоста на поединечните управни акти донесени во прв степен во управна постапка. На тој начин времетраењето за водење на управната постапка се скратува што е особено важно за одредени ранливи категории на граѓани, какви што се лицата кои имаат потреба од надомест од здравствено осигурување за преземање на најразлични итни мерки на нивна здравствена заштита. Оттука од исклучително значење и клучен приоритет е ефикасно, ефективно, ажурно и воедно рационално водење на управната постапка. Се работи за здравјето и здравствената заштита на осигурениците. Со предлогот да се дозволи можноста за директна управно-судска контрола врз првостепените акти на Фондот за здравствено осигурување, се овозможува директна комуникација помеѓу органите, во прв степен Фондот кој е самостоен орган со јавни овластувања и управното судство кое во управен спор ќе носи правосилни одлуки. Уставно загарантираното право на правна заштита на осигурениците против поединечните правни акти останува загарантирано, но реализирано на многу побрз и поефикасен начин. Во таа насока е образложението и оправданоста на временски утврдениот рок од 30 дена за одлучување по покренати управни спорови, сметано од денот на поднесување уредна тужба. Законодавецот јасно останува на линија на начелото на ефикасност при одлучување за правата на граѓаните/осигурениците од областа на здравјето, а не ретко и нивниот живот.

Законодавецот имал предвид дека во правниот поредок веќе постои законско решение како што е Законот за јавните набавки во делот на судската заштита членот 170 став 3 каде се вели дека „Одлуката за управниот спор ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесување на уредна тужба". Во конкретниов случај, со оспорените одредби од Законот за здравственото осигурување законодавецот бил на линија на заштита на интересот на граѓаните, пациентите за кои постапките од управно судска заштита во управните спорови е од витално значење од аспект на временските рокови. Во ова законско решение доминира јавниот интерес на граѓаните кога е во прашање нивното здравје и правото на здравствена заштита.

Имајќи го предвид горе изнесеното се смета дека наводите во поднесената Иницијатива пред Уставниот суд на Република Северна Македонија се неосновани, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 31 ставови 10 и 24 од Законот за здравственото осигурување.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Иницијативата од Илија Ивановски од Ниш, Република Србија, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.93/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 1 и член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.75/25) и Дополнувањето на Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 18 став (3) од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.193/24) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се оспорува уставноста на одредбата на член 1 и член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.75/25), додека со дополнувањето на Иницијативата се оспорува уставноста на одредбата на член 18 став (3) од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 193/24).

Според подносителот на Иницијативата, оспорените законски одредби создаваат нееднаков третман меѓу пензионерите и ги ограничуваат уставно загарантираните права со Уставот на Република Северна Македонија, на слобода на движење и еднаков третман, поточно со оспорените одредби се повредуваат одредбите од член 110 став (3) и член 112 од Уставот на Република Северна Македонија.

Поради тоа, подносителот предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да го укине дискриминаторскиот дел од одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.75/25) и да се обезбеди еднакво зголемување на пензиите за сите граѓани, без оглед на местото на живеење или датумот на пензионирање.

Со членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.75/25) се менува членот 37 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19,

31/20, 267/20, 67/22, 79/23 и 193/24), со тоа што по зборот „врши“ се додаваат зборовите: „на корисници на пензија на кои пензијата им се исплаќа во Република Северна Македонија“.

Член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/25), дополнително дефинира дека зголемување на пензијата ќе се извршува само кај корисници чија пензија се исплаќа во државата, со цел земање предвид на финансискиот капацитет на системот и избегнување несоодветни трошоци што би можеле да го нарушат буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.193/24), во член 18 во ставот (3) по зборовите: „28 февруари 2025 година“ се додаваат зборовите: „и кои се исплаќаат во Република Северна Македонија“.

Според член 34 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

Во членот 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, на кој се повикува подносителот на Иницијативата, Уставниот суд на Република Северна Македонија ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесува на слободата на уверувањето, совеста мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Според ова, Уставот на Република Северна Македонија гарантира еднаквост пред законите (член 9), но, истовремено дозволува разлики во третманот доколку тие разлики се базираат на релевантни и оправдани критериуми поврзани со јавниот интерес и јавните финансии врз основа на закон. Оспорените одредби од Иницијативата се оценуваат не како неосновано ограничување на слободата и нееднаквост, туку како регулирање кое произлегува од јасно детерминирани критериуми поврзани со финансиска одржливост и рационално користење на јавните средства.

Член 112 од Уставот на Република Северна Македонија предвидува дека Уставниот суд на Република Северна Македонија ќе укине или поништи законска одредба доколку утврди неуставност. Во овој случај, во однос на анализата, одредбите се јасно утврдени, законски оправдани и во согласност со уставните принципи.

Пензискиот систем е комплексен и бара одговорно трошење на средствата. Ограничувањето на зголемувањето на пензиите преку прецизната формулација за исплата во државата гарантира штитење на јавните финансии и долгорочна одржливост на системот.

Исплатата на пензиите мора да биде поврзана со јасно утврдена територија и социјален систем. Овој принцип не прави дискриминација, туку дефинира системски рамки кои се вообичаени во сите држави.

Оспорените законски одредби со дефинирање на исплатата само во Република Северна Македонија има оправдана цел - заштита на јавниот интерес, одржливост на пензискиот фонд и правна јасност во однос на примачите на пензии, без да ги ускратува права што се законски предвидени и објективно достапни на оние што ги исполнуваат условите и живеат во територијата на државата.

Имајќи го предвид горе наведеното, оспорените одредби од член 1 и член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/25) и член 18 став (3) од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 193/24), се во согласност со одредбите на Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Илија Ивановски од Ниш, Република Србија, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.93/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 1 и член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/25) и Дополнувањето на Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 18 став (3) од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.193/24).

**Точка 23**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.113/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 176 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и притоа го утврди следното мислење:

Наводите во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 176 став (2) од Законот за заштита на децата поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија во која се наведува дека „оваа законска одредба е во спротивност со одредбата на членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија се неиздржани и неосновани во целост.

Посочената одредба не е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија. Во одредбата од членот 176 став (2) од Законот за заштита на децата се наведува дека „На членовите на комисијата од ставот (1) на овој член им следува месечен паричен надоместок во износ од една третина од просечната нето-плата во Република Северна Македонија за претходната година, за што министерот донесува решение“.

Комисијата за лиценцирање на стручни лица во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и на директори на установи за деца, е стручно тело со мешан состав (претставници од повеќе институции и академски професори).

Ова тело не претставува орган на државна управа, ниту врши класична управна функција, туку обезбедува стручна и независна проценка при издавање, обновување или одземање на лиценци.

Членовите на Комисијата се назначуваат по функција и ангажман, но своите редовни работни задачи ги извршуваат во рамки на други институции, а вработените кои се членови на Комисијата за лиценцирање од редот на вработените во министерството вршат работи и работни задачи од различни сектори утврдени согласно Правилникот за систематизација, па оттаму, нивното учество во ова тело претставува дополнителна обврска и ангажман надвор од редовното работно време, кое вклучува патувања, состаноци, анализа на документација, процена на компетенции. Сето ова бара дополнително време, енергија и одговорност, поради што е оправдано и правично да им следува финансиски надоместок на членовите на Комисијата.

Одредбата од член 176 став (2) од Законот, е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, бидејќи со пропишаниот надоместок се обезбедува еднаквост, транспарентност и мотивација на стручните лица кои учествуваат во постапката за лиценцирање.

Овој надоместок не претставува плата за редовна работа, туку надоместок за дополнителен ангажман кој бара стручност и објективност.

Работата на Комисијата за лиценцирање не се сведува само на административно спроведување на процедури, туку и на: спроведување на стручна постапка за оценување на исполнетоста на условите за стекнување, продолжување и одземање на лиценца за работа согласно законски утврдените критериуми, разгледување и оценување на поднесената документација од страна на кандидатите за лиценцирање, вршење на стручна проверка на компетенциите на лицата кои се заинтересирани да се вклучат во системот на згрижување и воспитание за деца од предучилишна возраст, следење и анализирање на континуиран професионален развој на лиценцираните лица, давање на мислења и предлози во врска со унапредување на процесот на лиценцирање, спроведување на стручен испит за стекнување на лиценца за работа, носење на Програмата за полагање на стручниот испит.

Согласно горенаведното, Комисијата за лиценцирање своето работење го врши во рамките на Законот за заштита на децата, Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негуватели во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, начинот на спроведување на обуките, како и формата и содржината на образецот на лиценцата за работа, Деловникот за работа на Комисијата и актите на министерството.

Оттука, Комисијата за лиценцирање има клучна улога во обезбедување на квалитетни кадри во системот на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст. Со своето работење таа овозможува кандидатите кои добиваат лиценца за работа во предучилишна возраст да ги исполнуваат стручните, етичките и професионалните критериуми за работа со деца.

Имено, во повеќе закони (на пример: Законот за здравствената заштита, Законот за високото образование, Законот за социјалната заштита и др.) е утврдено дека на членови на комисии и советодавни тела им следува надоместок за учество, токму поради тоа што ангажманот е поврзан со специфични стручни задачи.

Оттука, одредбата во Законот за заштита на децата е во согласност со законодавната пракса и уставниот принцип на еднаков третман.

Подносителот во Иницијативата се повикува на Одлуката на Уставниот суд од 2012 година.

Меѓутоа, оваа одлука се однесувала на прекршочна комисија, која имала директна управна функција и постапувала во име на органот.

Спротивно на тоа, Комисијата за лиценцирање, во рамки на Законот за заштита на децата, има советодавно-стручна функција, без овластување за донесување на управни акти, а конечната одлука ја донесува министерот.

Комисијата за лиценцирање: не одлучува по барања за издавање или продолжување на лиценца, не постапува во име на министерството или друг орган, не спроведува управна постапка, туку дава стручно мислење и предлог, а конечната одлука ја донесува министерот за

социјална политика демографија и млади, кој врз основа на целосната постапка издава, обновува или продолжува лиценца за работа.

Поради тоа, споредувањето на Комисијата за лиценцирање со прекршочна комисија е правно и суштински неосновано, бидејќи: се работи за различен опсег на надлежности (стручна препорака vs. управно одлучување) и различна функција во институционалниот систем. Од оваа причина, аргументацијата заснована врз Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија од 2012 година, не може да се примени во конкретниот случај, ниту може да послужи како основа за оспорување на уставноста на член 176 став (2) од Законот за заштита на децата.

Имајќи го предвид горе наведеното, се оценува дека нема основи за поведување постапка за оценување уставност на член 176 став 2 од Законот за заштита на децата, односно одредбата е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и претставува оправдан механизам за регулирање на ангажманот на стручните членови на Комисијата.

Од наведените причини се смета дека оспорената одредба од Законот за заштита на децата е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 176 став (2) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25).

**Точка 24**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Паунова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.723, за КО Бардовци, на КП бр.620, викано место/улица „Визбеговска Јурија“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот-земјиште евидентирано во Имотен лист бр.4759, за КО Бутел, на КП бр.1306, викано место/улица „Рамниште“ и по Понудата го усвои негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2496, за КО Горно и Долно Оризари, на КП бр.856, викано место/улица „Железница“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елвин Зиба од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.89675, за КО Охрид 3, на КП бр.15449/1, викано место/улица „К.Охридски 120“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на

Министерството за транспорт, Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 28**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Јадранка Пајиќ Поп Кочева од Скопје, доставено под И.бр. 526/2024, за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.453 за КО Виничани, на КП бр.225, викано место/улица „Лаката“ и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Понудата од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.92/2025, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.90438 за КО Охрид 4, на КП бр.4306/10, КП бр.4307/4 и КП бр.4317 /3, на место/викано „Видобишта“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 30**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 31**

Владата, во врска со тековните предмети и постапки со компанијата Окта АД Скопје (Хеленик енерџи), формира работна група, во состав:

1. Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт;
2. м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии и
3. м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата по однос на Конечниот ревизорски извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема „Подобрување и унапредување на јавните услуги и инфраструктурните објекти со јавно приватно партнерство“, како материјал за информирање.

**Точка 33**

Владата го разгледа Акцискиот план по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Искористеност на современа медицинска опрема“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Јавната здравствена установа Клиничка болница Штип, квартално ја известува Владата за статусот на реализација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Искористеност на современа медицинска опрема“.

**Точка 34**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за периодот април - јуни 2025 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 35**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за одржување на редовното Генерално собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД, закажано за 10 ноември 2025 година, за седницата на Владата, која ќе се одржи на 6 ноември 2025 година (четврток), поради потребата предлагачот да ја дополни Информацијата, согласно укажувањата наведени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 36**

Владата ја донесе Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2025 година.

**Точка 37**

Владата го разгледа Предлог-упатството за дизајн на ваучерот, начинот на аплицирање, издавање и дистрибуција на ваучерот, како и начинот на водење на евиденцијата за издадени и искористени ваучери и условно го донесе Упатството, со заклучок Министерството за образование и наука, Министерството за финансии, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство, да достават мислења по истото.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за претставувањето на македонската винска индустрија на меѓународниот саем „Wine Vision by Open Balkan“ – Белград, 2025 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги спроведе сите потребни активности околу организацијата на учеството саемот, со цел успешно претставување и промовирање на македонската винска индустрија.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во координација со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да го организираат и обезбедат транспорт на пратките вина наменети за учество, претставување и дегустација на саемот.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:00 часот.